# Ван Гог во ДЛУМ

Ефтим КЛЕТНИКОВ

***Во таквиот потег на чистење отсуствува моралната димензија, но отсуствува и естетската, бидејќи до ден-денес изгледа остана немушт критериумот според кој е направена таа „кристализација“ во која е одлачено доброто од лошото, бисерот од ѓубриштето во Друштвото***

Според хиндуистичкото и некои други источни религиозни учења што ја признаваат реинкарнацијата, која во почетокот била вглобена и во христијанското учење, а потоа исфрлена од црквата, животот на земјата претставува еден вид училиште. Ние преку реинкарнацијата ја повторуваме на овој свет нашата егзистенција толку пати колку што е потребно да се усовршиме до идеалот на божјата суштина, за да ја добиеме привилегијата за освојување на просторот на вечната небеска светлина. Таа привилегија преку нашиот живот-училиште, како што учат некои свети книги и знаења, се стекнува преку усовршување на етичките и моралните доблести, на кои им е дадено предност пред некои други области на човековото дејствување, меѓу нив и уметноста, философијата и науката, на пример. Можеби, покрај другото, и затоа ведските ракописи говорат во шифрирана симболичка форма за Големото незнаење, а не за знаењето што се храни од суетата на интелектот.

И хиндуизмот и христијанството и другите длабоко автентични религиозни учења, кои се истовремено и етички и философски, нè учат првин на морална доблест. Не учат дека не сме дојдени на овој свет некому да му нанесуваме болка и навреда, туку да го развиваме чувството за љубов и милосрдие. Таквото, пак, чувство отсуствува во потегот на управата на ДЛУМ, која со спокојна совест отпиша 40 нејзини члена, чистејќи ја на таков начин својата асоцијација од "неталентираните", "осредните", "неактивните", "аматерите" без соодветна ликовно-стручна подготовка (?!) итн. Во таквиот потег на чистење отсуствува моралната димензија, но отсуствува и естетската, бидејќи до ден-денес изгледа остана немушт критериумот според кој е направена таа "кристализација", во која е одлачено доброто од лошото, бисерот од ѓубриштето во ДЛУМ. Било како било, суровата старозаветна секира, во која нема ништо од новозаветното христијанско милосрдие, управата на нашата ликовна асоцијација ја употреби небаре молскавично и сурово. Но, се поставува прашањето дали истата навистина ги сотре неплодните дрвја, оние што макар и симбилички ја заслужиле смртта, за да го истакнат својот раскош и плодородие на плодните дрвја? Дали навистина тој мал неплоден честак (од четириесет понижени и навредени стебла) со неговото сечење ја спаси големата шума на ДЛУМ, истакнувајќи го нејзиниот величествен сјај? Дали е конечно спасена од ентропија нашата ликовна асоцијација?

Не сум сигурен, бидејќи тешко дека може да се поверува оти останатите неколку стотини члена (околу 300?) се тие вистинските, талентираните, образованите и плодните, наспроти 40-мината аматери со несоодветна стручна подготовка. Тешко, зашто толку значајни сликари и вајари нема ни во целокупната европска уметност на ова столетие!

Значи, сепак постои некој несреќен дефект во немуштата одлука на ДЛУМ. Тој дефект, како што е веќе подвлечено, е и од морален и од естетски (не)карактер. Не се дадени аналитички и убедливо аргументите ни за едниот ни за другиот аспект. Некогаш, во некои епохи, како што се на пример Стара Грција и Ренесансата, естетското и етичкото беа амалгамски и споени и нивното единство се сметаше за златна мера на човековата духовна моќ и доблест. Но, во нашето специјалистичко и сцентистичко "време без Бога" сè е раздвоено и раздробено, па и тој амалгам. Тоа, пак, можеби и не е толку трагично, ако се биде свесен за таканаречените "објективни околности", колку што е трагично целосното непрепознавање на раздвоените идентитети, на нивните белези и нивната онтолошка супстанца.

Сосема е јасно дека освен тоа што се навредени, ни криви ни должни, 40-мината, не е извршена никаква битна реформа во ДЛУМ. Можеби, и веројатно подобро ќе направеа тие што сметаа дека работите не одат и дека ентропијата ја задушува асоцијацијата, ако постапеа, на пример како Независните писатели, ако ја напуштеа "нездравата средина" и се обидеа да направат нешто ново, наместо да сечат. Избрани се погрешно и начинот и правецот на дејствување. Демонстрирана е "волја за моќ" (Ниче), но не и "волја за смисла" (Фром). Моралните аргументи се отфрлени уште на самиот почеток, а на нивно место се поставени естетските аргументи. Тие воопшто не се јасно дефинирани и наместо да бидат кристализирани, тие се замаглени, сведени во добра мера на еден естетички априоризам и конфузија. На пример, одредницата професионален или образован, академски, наспроти необразован, аматерски уметник е одамна надмината и во теоријата и во практиката на модерната европска ликовна уметност. Уште повеќе, таа е надмината дури и со самиот почеток на создавањето на уметноста и нејзината суштина, која му се отима на кое било позитивистичко дефинирање. Теоријата на Плеханов, на пример, за уталитарната егзистенцијална зависност и инспиративна побуда на првобитната уметност, страда поради недостиг на онтолошка суштина и длабочина во истата. Таа суштина ја среќаваме кај Гастон Башлар, кога тој уметноста, чинот во кој истата се произведува, го дефинира како еден вид "директна онтологија", или со други зборови, како работа на душата и на срцето според законот и ритамот на божјото вдахновение. Имено, таквиот ритам и закон ги следел непознатиот, величествен уметник на Алтамиера, без да има диплома на какво било ликовно училиште или академија. Аматер! Аматери од тој аспект на дефицит на академско ликовно образование, беа, на пример, и тројцата (не само тие) великани, без кои речиси не може да се замисли модерното европско сликарство на ова столетие: Ван Гог, Сезан и Гоген.

Но, нивниот пат до славата беше трнлив. Дури ни во една Франција не беа или беа недоволно разбрани за време на својот живот, а камоли да беа кај нас и случајно да беа членови на ДЛУМ. Мислам дека немаше да бидат препознаени и дека многу лесно можеа да се најдат во 40-темина исфрлени. Нели?

6.3.99, 11